## Интернационален ден на кредитните унии: Информација за печат

International credit union day (ICU day): press release

FOR IMMEDIATE RELEASE
October 15, 2015
Press office: +389 02 2403-208
Cell phone: + 389 070 250 497
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

**На 15 октомври 2015, 217 милиони членови на кредитни унии низ светот ќе го прослават Интернационалниот ден на кредитните унии**, годишен настан кога се одбележуваат достигнувањата на кредитните унии, кои од година во година заземаат сѐ позначајно место во светот. Во чест на овој посебен ден, а водени од мотото: ***Луѓе помагаат на луѓе***, ЗГ ФУЛМ и Штедилница ФУЛМ, како полноправна членка на Светскиот совет на кредитни унии (WOCCU), ги покануваат своите членови и целата заедница, заеднички да го прослават овој ден во своите филијали во Скопје, Кавадарци, Битола, Струмица и Тетово.
Оваа година, овој ден ќе биде одбележан со несекојдневен настан, насловен како: ***„Да го насликаме заедништвото - меѓусебната помош нѐ поврзува”***, каде сите членови ќе насликаат заедничка слика на платно, кое ќе биде симбол на меѓусебната поврзаност.
Истиот ден ќе биде објавен и добитникот на **годинешната студентска стипендија**, која ќе му биде доделена на **победникот на натпреварот за најдобар есеј на тема: „Значењето на кредитните унии за светот и за Македонија”**, кој беше организиран од страна на Штедилница ФУЛМ, ЗГ ФУЛМ и Лигата на кредитни унии од Мичиген, САД, со цел да им се даде поддршка на младите во Република Македонија во нивниот едукативен развој.
Кредитните унии се непрофитни финансиски организации, чија цел е да обезбедат подобри финансиски услуги за своите членови, безбедно место за нивните заштеди и поедноставен пристап до кредити. Кредитните унии постојат и работат на 6 континенти, во 105 земји во светот и имаат над 217 милиони членови.
Штедилница ФУЛМ оваа година одбележа 15 години успешна работа, опслужувајќи повеќе од 10.000 членови и над 20.000 кредити, низ своите Филијали низ Македонија.

Од 1948 г., Интернационалниот ден на кредитни унии се празнува секој трет четврток во октомври, подигајќи ја свесноста за различноста на кредитните унии, во насока „Услугата - пред профитот". Светот ги призна кредитните унии како позитивна економска и општествена сила.

***Забелешка до уредниците****:Штедилницата ФУЛМ (*www.fulm.com.mk *и на* https://www.facebook.com/www.fulm.com.mk*) на Македонскиот финансиски пазар е присутна од 1999 година, кога го импементираше проектот за штедно-кредитни унии во Македонија преку WOCCU (www.woccu.org) финансиски подржано од USAID (* www.usaid.org.mk*). Во своето повеќегодишно работење, Штедилница ФУЛМ преку своите филијали низ цела Македонија во Скопје, Кавадарци, Битола, Струмица и Тетово реализира преку 20.000 кредитни линии со вкупен износ над 1,3 милијарда денари. Штедилницата ФУЛМ е член на Светскиот совет на кредитни унии со седиште во Медисон. САД, основач на Европската мрежа на кредитни унии со седиште во Брисел, партнер со Лигата на кредитни унии на Мичиген (www.mcul.org) и со Асоцијацијата на кредитни унии на Полска (www.skok.pl)*